АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 13.05.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 1990 | 1 | |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјекти на надзорот:** 108 радиодифузери, и тоа:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТВ Алфа | 28 | ТВ Коха | 55 | РА Роса АБ | 82 | РА Ускана-Плус |
| 2 | ТВ Алсат-М | 29 | ТВ Феста | 56 | РА РФМ | 83 | РА Кочани ФМ |
| 3 | ТВ Канал 5 | 30 | ТВ К | 57 | РА Сити | 84 | РА Бум |
| 4 | ТВ Сител | 31 | ТВ Канал 8 | 58 | РА Скај | 85 | РА Јехона ФМ |
| 5 | ТВ Телма | 32 | ТВ Протел | 59 | РА Лидер | 86 | РА Пулс |
| 6 | ТВ Компани 21-М | 33 | ТВ Канал 21 | 60 | РА Спортско радио 90.3 ФМ | 87 | РА Лав |
| 7 | ТВ Шења | 34 | ТВ Здравкин | 61 | Универзитетско радио СТУДЕНТ ФМ 92.9 | 88 | РА Супер |
| 8 | ТВ Клан | 35 | ТВ Свет | 62 | РА Фортуна | 89 | РА 5 Чоки |
| 9 | ТВ Сонце | 36 | ТВ Калтрина | 63 | РА Џез ФМ | 90 | РА Мефф |
| 10 | ТВ 24 Вести | 37 | ТВ Спектра | 64 | РА Скај радио плус | 91 | РА Холидеј |
| 11 | Наша ТВ | 38 | ТВ Дибра | 65 | РА 106 | 92 | РА Пела |
| 12 | ТВ Тера | 49 | ТВ Гурра | 66 | РА Б-97 | 93 | РА Еко |
| 13 | ТВ М | 40 | ТВ Дуе | 67 | Универзитетско радио УКЛО ФМ | 94 | РА Модеа |
| 14 | ТВ Стар | 41 | Г-ТВ | 68 | РА Валандово | 95 | РА Свети Николе |
| 15 | ТВ Канал Вис | 42 | ТВ Плус | 69 | РА Голди | 96 | РА Плеј |
| 16 | ТВ Ирис | 43 | ТВ Ускана медиа | 70 | РА Мерак 5 ФМ | 97 | РА Ррапи |
| 17 | ТВ Кобра | 44 | РА Антена 5 | 71 | РА Ла Коста | 98 | РА Експрес |
| 18 | ТВ Полог | 45 | РА Канал 77 | 72 | РА Комета 2000 | 99 | РА Хит |
| 19 | ТВ Топестрада | 46 | РА Метрополис | 73 | РА Про-ФМ | 100 | РА Блета |
| 20 | Телевизија 3 | 47 | РА Јон | 74 | РА Балкан ФМ | 101 | РА Кисс |
| 21 | ТВ К&М | 48 | РА Арачина | 75 | РА Тајм | 102 | РА Плус Форте |
| 22 | ТВ М НЕТ-ХД | 49 | РА Буба Мара | 76 | РА Зора | 103 | РА 7 |
| 23 | ТВ Едо | 50 | РА Ват | 77 | РА Галакси-2002 | 104 | РА Ред ФМ |
| 24 | ТВ Ера | 51 | РА Зона М-1 | 78 | РА Кавадарци | 105 | РА Енџелс ФМ |
| 25 | ТВ МТМ | 52 | РА Урбан ФМ | 79 | РА Александар Македонски | 106 | Универзитетско радио УГД ФМ |
| 26 | ТВ Шутел | 53 | РА Клуб ФМ | 80 | РА Акорд | 107 | РА Марија Благовест |
| 27 | ТВ КТВ | 54 | РА Лајф | 81 | РА Медисон | 108 | РА Импулс |

3. **Датум на извршување на надзорот:** 13 мај 2022 година

**4. Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали некој радиодифузер извршил промена во сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

Во членот 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека *„пред спроведување на каква било промена на сопственичката структура, радиодифузерот е должен да ја извести Агенцијата"*, а во вториот став од овој член дека *„радиодифузерот не смее да ја спроведе промената на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата"*.

Овој надзор се спроведе на начин што беа споредени податоците за сопственоста на радиодифузерите со коишто располага Агенцијата и податоците за сопственоста од тековните состојби на радиодифузерите (издадени од Централниот регистар), коишто тие самите ги доставија во Агенцијата во рамки на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

- Со надзорот не беше опфатено РА Капитол затоа што до Агенцијата не беше доставена тековна состојба од која ќе може да се изврши увид во податоците за сопственичката структура на овој радиодифузер, од причина што правниот статус во Централниот Регистар на РСМ за овој субјект е дека истиот е избришан согласно член 552-а и 552-б од Законот за трговските друштва (поради неподнесена годишна сметка за 2019 година). Против решението за бришење во тек е управен спор пред Управниот суд. Во меѓувреме, од Агенцијата за електронски комуникации добивме и известување дека одобрението за користење на радиофреквенции на овој субјект е отповикано.

**5. Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека нема прекршувања на одредбите од член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека ниту еден радиодифузер не извршил промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***